Во соработка со

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ДЕВИЗИ И ВАЛУТИ

Леле Денарко, многу сум среќен што викендов ќе го минеме негде надвор од земјава, преку нашата граница.

И јас сум многу среќна. Знаеш, мама ми кажа дека за таа прилика ќе ни бидат потребни **девизи.** На пример ако одиме за Србија, ќе ни требаат **динари,** за Грција **евра,** за Албанија **леки**, а пак за Бугарија **левови.**

Не знам...

Што мислиш, Дада, дали се еднакви по вредност?

Јас знам дека еврото не е еднакво со денарот по вредност! Едно евро е еднакво на околу 61 денар. Според мене еврото е повредна **валута** во однос на денарот, меѓутоа едно евро е еднакво и на 115 српски динари, што значи дека македонскиот денар е повредна валута во однос на српскиот динар.

Кажи ми што значат зборовите **валута** и **девизи**?

Прашањето е на место, тие два збора имаат сличности – **валути** се парични единици (пари) на некоја земја, а **девизи** се платежни средства издадени во странска валута што се користат обично за плаќање во странство. Значи девизите се странски валути и со нив плаќаме во земјата во која тие се користат.

Еве јас ќе ви набројам неколку светски познати валути:



британска фунта



јапонски јен



евро



руска рубља



американски долар



норвешка круна



швајцарски франк



австралиски долар

Познатите светски валути чии држави имаат развиена економија, имаат поголема вредност во однос на другите валути и ги користат голем број луѓе, тие имаат и свои симболи.



Неее....

А знаете ли во моментов која е најсилната валута во светот?

Највредна валута е **динарот** од државата Кувајт (се наоѓа близу до Дубаи и државата Саудиска Арабија), и нејзината вредност во однос на нашиот денар е:

**1 кувајтски динар = 160 македонски денари**